# ЗАПИСНИК

од 5та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС
Скопје, 5 декември, 2019 г.

__Присутни__:

Златко МАРИН (Градоначалник на Општина Аеродром), Блаже ШАПОВ (Градоначалник на Општина Богданци), Велимир СМИЛЕВСКИ (Градоначалник на Општина Бутел), Лазар ПЕТРОВ (Градоначалник на Општина Демир Капија), Стефан БОГОЕВ (Градоначалник на Општина Карпош), Борјанчо МИЦЕВСКИ (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Живко ГОШАРЕВСКИ (Градоначалник на Општина Ресен), Саша БОГДАНОВИЌ (Градоначалник на Општина Центар), Благој БОЧВАРСКИ (Градоначалник на Општина Штип), Звонко ПЕКЕВСКИ (Градоначалник на Општина Берово), Наташа ПЕТРОВСКА (Градоначалник на Општина Битола), Аљбон ЏЕМАИЛИ (Градоначалник на Општина Боговиње), Енвер ПАЈАЗИТИ (Градоначалник на Општина Брвеница), Перо КОСТАДИНОВ (Градоначалник на Општина Валандово), Марјан ЈАНЕВ (Градоначалник на Општина Василево), Сашо ЈАНКОСКИ (Градоначалник на Општина Вевчани), Аце КОЦЕВСКИ (Градоначалник на Општина Велес), Борис ГЕОРГИЕВСКИ (Градоначалник на Општина Гази Баба), Сашо ПОЦКОВ (Градоначалник на Општина Гевгелија), Арбен ТАРАВАРИ (Градоначалник на Општина Гостивар), Роберт БЕШОВСКИ (Градоначалник на Општина Градско), Петре ШИЛЕГОВ (Градоначалник на Град Скопје), Зоран НОГАЧЕСКИ (Градоначалник на Општина Дебрца), Анго АНГОВ (Градоначалник на Општина Дојран), Бљерим СЕЈДИ (Градоначалник на Општина Желино), Борче ГИЕВСКИ (Градоначалник на Општина Зелениково), Жика СТОЈАНОВСКИ (Градоначалник на Општина Илинден), Дарко БЛАЖЕСКИ (Градоначалник на Општина Јегуновце), Јордан НАСЕВ (Градоначалник на Општина Карбинци), Благој ИЛИЕВ (Градоначалник на Општина Конче), Љупчо БОЈАЏИЕВ (Градоначалник на Општина Кратово), Томе ХРИСТОСКИ (Градоначалник на Општина Крушево), Еркан АРИФИ (Градоначалник на Општина Липково), Ацо ВЕЛКОВСКИ (Градоначалник на Општина Лозово), Медат КУРТОВСКИ (Градоначалник на Општина Маврово - Ростуше), Живко СИЛЈАНОВСКИ (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Константин ГЕОРГИЕСКИ (Градоначалник на Општина Охрид), Драган ТРЕНЧОВСКИ (Градоначалник на Општина Пехчево), Исмаил ЈАХОСКИ (Градоначалник на Општина Пласница), Илија ЈОВАНОСКИ (Градоначалник на Општина Прилеп), Герасим КОНЗУЛОВ (Градоначалник на Општина Радовиш), Бранко ЈАНЕВ (Градоначалник на Општина Росоман), Сашо ВЕЛКОВСКИ (Градоначалник на Општина Свети Николе), Стефче ТРПКОВСКИ (Градоначалник на Општина Сопиште), Коста ЈАНЕВСКИ (Градоначалник на Општина Струмица), Азим САДИКИ (Градоначалник на Општина Студеничани), Исен АСАНИ (Градоначалник на Општина Теарце), Теута АРИФИ (Градоначалник на Општина Тетово), Аријан ИБРАИМ (Градоначалник на Општина Центар Жупа), Висар ГАНИУ (Градоначалник на Општина Чаир), Љубица ЈАНЧЕВА (Претседател на Совет на Град Скопје), Тони БОЈКОВСКИ (Претседател на Совет на Општина Гази Баба), Коле Чаракчиев (Претседател на Совет на Општина Радовиш), Никола СТАНКОВСКИ (Претседател на Совет на Општина Ресен), Ристо Сакалиев (Претседател на Совет на Општина Кавадарци), Изабела ПАВЛОВСКА (Претседател на Совет на Општина Крива Паланка), Ивица ЗЛАТКОВИЌ – со овластување (Секретар на Општина Неготино), Александар ЈАНКУЛОВСКИ – со овластување (Претседател на Совет на Општина Могила), Наумче СМИЛЕВСКИ –со овластување (Претседател на Совет на Општина Новаци), Дарко ШИМИЌ (Претседател на Совет на Општина Кисела Вода), Благоја СТАНОЈОСКИ (Претседател на Совет на Општина Демир Хисар), Атина МУРГАШАНСКА (Претседател на Совет на Општина Куманово)

**<u>Дискусија</u>**:

Претседателот побара да се утврди кворумот за работа и полноправно одлучување. Констатирано е дека на Генералното Собрание се присутни 62 делегати, со што овој орган има потребен кворум за одлучување.

Материјалите со предложениот дневен ред се доставени до делегатите во рок утврден со Статутот на заедницата. На денешната седница, Генералното собрание ќе расправа по следниот Предлог:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од 4-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Обраќање на г. Петре Шилегов, претседател на ЗЕЛС;
3. Усвојување на План за работа и Буџет на ЗЕЛС за 2020 година;
4. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС;
5. Одлука за усогласување на актите на заедницата со Законот за здруженија на граѓани и фондации;
6. Одлука за кооптирање на член од Полошкиот регион во Комитетот на советите при ЗЕЛС и Управниот Одбор на ЗЕЛС;
7. Отворена дискусија – Разно.

Присутните делегати немаа предлози за изменување и дополнување на Дневниот ред.

Дневниот ред е усвоен едногласно.

***

Претседателот ги информираше присутните дека на денешната седница на Генералното Собрание се присутни и претставници од Министерството за финансии и ИРИ и тоа на молба на Владата, а станува збор за презентација на системот за финансиска транспарентност кој го користат државните органи, институции и установи основани од Републиката, а кон кој се предлага да се приклучат и општините.

Претседателот предложи, во интерес на дискусијата а со цел да не биде прекинувана понатамошната работа на Генералното Собрание, на делегатите да им биде презентиран системот за финансиска транспарентност на почетокот на седницата.

Предлогот е усвоен едногласно.

**ПРЕДДТОЧКА: Презентација на системот за финансиска транспарентност на Министерството за финансии.**

Претставникот од Министерството за финансии – преку презентација на порталот "отворени финансии", укажа на можноста за електронско евидентирање на сите исплати кон физички и правни лица, поголем степен на транспарентност и увид и генерирање на извештаи за тоа како се трошат буџетските средства на општините. Беше нагласено дека трезорот е основан во 2001 година како замена на постоечкиот платен промет, и истиот е замислен е да биде носител на платниот промет за сите државни институции и единиците на локалната самоуправа. Порталот содржи информации за тоа кој е плаќач, кој е примач на средствата, со можност за пребарување по многу основи, како на пример директно пребарување по име, по вид на трошок, по ЕДБ итн.

Беше прикажана и можноста за приказ на реализацијата на буџетот по месеци, како агрегирани податоци кои прикажуваат која институција, по која програма и ставка ја реализаирала соодветната исплата.

Системот има можност за добивање информации за најголемите приматели и даватели на средства за дадениот месец, како и статистички податоци за тоа кои субјекти се најголеми плаќачи.

Системот нема можност да анализира лични податоци, заради што секоја трансакција ја брои посебно иако станува збор за ист субјект, што треба да се има во предвид при анализа на прегледите.

Системот содржи и информација за тоа кои се 10 најголеми плаќачи, со паѓачки приказ од најголеми кон најмала извршена исплата. Системот дава можност и за аналитика, со детален преглед и поединечен приказ на трансакции со паѓачки редослед. По правило, прегледот започнува со тековната година, но податоците може да се сортираат и по избрана година, по конто или по поединец или правно лице. Податоците може понатаму да се преземат во ".CSV" формат заради дополнителна обработка.

Системот има опција за истражувачка аналитика, кога може да го преземат и графикот кој има опција за детален преглед со информација за тоа кој субјект и од која институција добил парични средства.

Под менито трансакции, може да се прегледаат реалните трансакции поединечно, а кога се прегледува по менито за буџетски корисници, може да се прегледува и со агрегирани податоци по примерот на завршна сметка.

Системот содржи и можност за преглед на прописи и корисни линкови кон секој буџетски корисник. Податоците се пренесуваат интегрирано, без дополнителна обработка, односно онака како што се внесени на латинично писмо на македонски јазик и истите не се менуваат. Во системот постои и преглед со информации за буџетски корисници со податоци за сметката и ЕДБ.

***

Претседателот предложи ова прашање да се дискутира дополнително и под точка разно, за да се донесе соодветна препорака од Генералното Собрание до општините.

***

На седницата присуствуваше и Заменик – Министерот за локална самоуправа, г. Дејан Павлески, кој им се обрати на присутните изразувајќи благодарност за можноста да се обрати на Генералното Собрание на ЗЕЛС. Тој укажа на високиот степен на остварено партнерство помеѓу двете институции. Особено во периодот на изминатите шест месеци кога соработката е исклучително продуктивна. Тој укажа дека Владата покажа отвореност во однос на предлозите на ЗЕЛС за продлабочување на процесот на децентрализација и концептот за пренесување на триесетина нови надлежности за општините и промена на речиси петнаесетина закони. Пораката од ЗЕЛС е дека за новите надлежности е потребно да се обезбедат соодветни финансиски средства. Министерството за локална самоуправа од своја страна упатува порака дека општините мора да работат на генерирање на сопствените приходи, а пред се даноците. Заменик – министерот потсети на неодамна организираната конференција на која беа истакнати приоритетите за локален и регионален развој, на која е презентирана информацијата за големиот број на реализирани проекти од околу 7 милиони евра, 117 проекти за локални патишта, јавни површини, пешачки патеки, инфраструктура, туризам итн. Средствата за рамномерниот регионален развој се зголемени за околу 8 милиони евра, а вкупниот износ се проценува на околу 20 милиони евра. Во текот на 2019 г. се потпишани договори со Делегацијата на ЕУ за прекугранична соработка, а во тек е анализа на проектите со Србија и Албанија, вклучително и донаторската поддршка од УНДП за инклузивен РРР со средства од Швајцарска Влада (по два проекти од сите плански региони). Делегацијата на ЕУ има најавено нов проект за иновативни

решенија со нови 6 милиони евра, а со 1 милион евра од Шведската Влада ќе се финансира изработка на проекти додека 5 милиони евра за истата намена ќе бидат обезбедени и од УСАИД.

Заменик – министерот укажа дека постои силна заложба за намалување на диспаритетите во општините преку формите на меѓуопштинска соработка и механизмите за финансиско воедначување. Овие мерки треба да се спроведуваат паралелно со останатите развојни приоритети.

Процесот на децентрализација е истакнат како приоритет. Отпочната е и оценка на примената на Законот за локална самоуправа, кој е инклузивен и во кој се вклучени невладините организации, Советите на општините, општинската администрација итн. Заменик – минисрот ја искористи приликата да упати покана до градоначалниците за присуство на завршниот консултативен форум во организација на ОБСЕ на кој ќе бидат разменети конечни мислења за следните активности. Дијалогот продолжува, децентрализацијата е многу жив процес кој резултира со развој на условите за живот за граѓаните, истакна Заменик – министерот г. ПАВЛЕСКИ.

<u>**ПРВА ТОЧКА**</u>: **Усвојување на Записникот од 4-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;**

Присутните се поканети да ги истакнат своите забелешки.

Записникот е усвоен едногласно без забелешки.

<u>**ВТОРА ТОЧКА**</u>: **Обраќање на г. Петре Шилегов, претседател на ЗЕЛС;**

Стенограм од обраќањето на претседателот на ЗЕЛС:

“Почитувани колеги градоначалници, почитувани претседатели на совети, делегати на Генералното собрание на ЗЕЛС

Денес ќе ја одржиме петтата седница на ова наше највисоко тело на локалните власти. Се наоѓаме токму на средината на нашите мандати како градоначалници и советници. Две години зад нас на осознавање, планирање, активна работа и уште две пред нас кои треба целосно да го дефинираат периодот на нашето менаџирање. Кога ќе погледнам дека само за овие пет месеци ние повлековме една лавина на идеи, иницијативи, ставови за промени во системот на локалната власт, навистина сметам дека сме на вистинскиот пат.
Ако одиме со ова темпо сигурен сум дека за две години ќе оставиме едно огромно „наследство“ кое ќе обезбеди финансиски стабилна локална власт, продлабочена децентрализација и одлични организациони општински услови за спроведувањето на надлежностите на локално ниво.

Веќе сте информирани за исходот од седницата на Управниот одбор на ЗЕЛС, во месец јуни, со Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев. Од него добивме големо охрабрување и поддршка за фазно пренесување на надлежности од централно на локално ниво, во областите каде ќе биде оценето дека тоа е можно и потребно.
ЗЕЛС многу брзо излезе со предлог–концепт, што оди во три насоки: фискалната децентрализација; проширувањето на надлежностите на ЕЛС и промени во организацијата на локалната власт.

Заложбите беа, на почетокот на 2020 година да ефектуираме дел од утврдените ставови, односно да се започне со префрлање на одредени нови надлежности на локално ниво. Во меѓувреме имаме драстични измени на политички план во земјата. Затоа не знам дали Собранието ќе успее да разгледа и усвои одредени законски промени што ќе им ги понудиме. Засега треба да се интервенира во над 15 закони и да се направи усогласување за имплементирање на предложените промени.

Ќе се обидам накратко да ве запознам во која насока се движиме и до каде сме стигнале. Бараме прво да се обезбедат доволно средства за извршување на постојните надлежности, а дури потоа да следи префрлање на нови надлежности, кои исто така задолжително треба да бидат пропратени со адекватни финансиски средства за нивна реализација.

Во делот на фискалната децентрализација предлагаме да се зголеми зафаќањето од ДДВ од сегашните 4,5% на 10%, во полза на општините и зафаќањето од сегашните 3% на 50% од персоналниот данок на доход. Потоа дел од приходите од Законот за игри на среќа и забавни автомати да биде приход на ЕЛС; етапно да се зголемува стапката на данок на имот; да се интегрираат капиталните дотации во една капитална дотација со неколку потсистеми и нивна распределба според објективни, правични и транспарентни критериуми. Потребно ни е воспоставување на систем за финансиско воедначување за помош на ЕЛС со недоволно финансиски и даночни потенцијали; овозможување на подобар пристап за задолжување на општините на домашниот и меѓународниот пазар на капитал; основање на Фонд за локален развој и друго.

Ќе споделам еден податок кој беше изнесен на минатонеделната Конференција за децентрализација. Во 2017 година Фондот за иновации добил 20 милиони евра за трошење, а сите општини заедно, во истата година, добиле само 6,1 милион евра за поддршка на економскиот развој. Друг предизвик - „Општините во период од изминатите десет години „изгубиле“ над 400 милиони евра од тоа што не си го собрале данокот на имот“.
Оваа состојба е за сериозно размислување, особено што пресметката е направена само врз основа на најбазичните стартни позиции што ги имавме во 2005 година, кога УЈП ги префрли базите на податоци на локално ниво. Замислете уште колку средства имаме изгубено и се уште губиме, поради тоа што голем број општини воопшто не ги ревидирале базите на податоци на даночните обврзници, а за примена на новата методологија за пресметка на основицата за оданочување на објектите и да не зборуваме.

Знаете дека пред пет месеци, Управниот одбор достави иницијатива до сите општини за зголемување на данокот на имот во законските рамки, од сегашните 0,1% на 0,2 %. Најголемиот број на градоначалници го прифатија предлогот, но предизвикот остана кај општинските совети, кои всушност треба да ја изгласаат одлуката за зголемувањето. Од регионалните собири што ги организираше ЗЕЛС со претседателите на општинските совети, преовладуваше ставот- советот пред да започне со дискусија за ова прашање, општината првенствено треба да се погрижи данокот да го плаќаат сите нејзини граѓани, а не само 20% или 30% од населението, што е случај во многу општини.

Како причина плус да пристапиме кон решавање на овој предизвик е и постојаното укажување за овој проблем на општините, од страна на Владата. На сите средби на кои бараме повеќе финансиски средства за локалната власт или средства за покривање на долговите, Владата не опоменува дека треба да си ги собереме сопствените приходи.
Можеби веќе е време да зборуваме за утврдување и на „бенефити „ за општините кои ги спровеле сите процеси и процентот на собирање на данокот на имот им е доста висок. Или пак, да донесеме заеднички став за креирање на нови механизми кои ќе не „придвижат„ за поголема активност во оваа насока.

Ова го говорам бидејќи на Управниот одбор на ЗЕЛС се понагласени се реакциите на општините кои самостојно изнаоѓаат начини и квалитетно се справуваат со поголем број предизвици а, за возврат, како што велат тие - нивните граѓани се „казнети“. Тоа се општини кои собираат висок процент на данок, редовно ги сервисираат долговите, спроведуваат непопуларни мерки на рационализација на училишната мрежа, или на вработувањата во јавните претпријатија и слично. Односно, прават се што тоа им го овозможува децентрализираната власт. Кога под притисок на ЗЕЛС, централната власт ќе распредели неповратни средства за враќање на долговите, (како што беа 50-те милиони евра од минатата година) овие општини посочуваат

дека нивните граѓани се двојно оштетени. Првиот пат, наместо за подобрување на квалитетот на услугите, средствата од даноците на граѓаните општината ги користи за плаќање на долговите. Втор пат, кога задолжените општини добиваат средства од државата за покривање на долгот, овие општини повторно не добиваат ништо. Наместо награда- казна за доброто работење.
Во овој дел мислам дека ни претстои навистина опсежна работа и мудри одлуки, се во насока да обезбедиме подеднакво квалитетни услуги, но и подеднакви обврски за сите граѓани.
ЗЕЛС дефинитивно ќе продолжи со притисоците и барањата за обезбедување на поголема финансиска стабилност на локалната власт, но треба сериозно да се свртиме и кон самите себе, да го направиме барем она што е наша законска обврска.

Финансиите се жешка тема и носат големи дилеми и дискусии. Затоа сега ќе преминам на ставовите на ЗЕЛС во делот на проширувањето на надлежностите на ЕЛС. Посочив веќе дека Министерството за земјоделие веќе прифатија да се префрли правото на управување со земјоделското земјиште, шумите, пасиштата, како и даде други дополнителни предлози. Во областа на културата, направени се анализи за префрлање на повеќе културни национални установи на локално ниво. Во однос на создавање на општинска комунална полиција, Министерството за внатрешни работи изнесе одредени забелешки – „за“ и „против“, а слични се ставовите и по барањето за пренесување на дел од управните работи на МВР и Управата за водење на матични книги. Општините најмногу се залагаат за преземање на надлежности од центрите за социјална работа, за што Министерството за труд и социјална политика посочува дека првенствено треба да се почека на „заживување“ во имплементирањето на новиот Закон за социјална заштита, па потоа да се пристапи кон префрлање на одредени надлежности. Тие посочија рок од една година. Барањата за преземање на надлежности на локално ниво, во делот на примарната здравствена заштита, засега се разгледуваат во матичното министерство, од каде нема многу позитивни сигнали, но преговорите ќе продолжат.
При префрлањето на нови надлежности, повторно ќе нагласам дека бараме прво да ни обезбедат соодветни финансиски средства за извршување на постојните надлежности, а потоа секоја нова надлежност да биде обезбедена на начин како што тоа го прокламира Европската повелба за локална самоуправа.

И овде има многу за говорење, во некои области едни општини се за преземање на одредени надлежности, други општини се порезервирани, но генералниот став на ЗЕЛС е - заложба за продлабочување на процесот на децентрализацијата на власт.
Затоа и овде, повторно ќе треба да се свртиме кон самите себе. Имаме околу 30 општини, кои не управуваат со државното градежно неизградено земјиште. Значи повторно ние самите правиме „застои„ за што подоцна од страна на централната власт не опоменуваат дека не си го средуваме сопствениот двор.

Следно. Фактот дека многу мал број на општини праќаат мислење до ЗЕЛС по доставен предлог –закон или некој друг документ, говори дека треба да работиме попосветено и поажурно. Еве, од најскоро. Имаме предлог за нов Закон за бесправно изградени објекти, што ние го иницираме. Добиваме предлог –верзија, што ЗЕЛС ја испрати до сите општини на мислење и добиваме повратни одговори од само пет општини. Станува збор за нешто што длабоко не тангира сите, без исклучок и каде треба да донесеме и да настапиме со заедничка одлука. Тоа зборува како се однесуваме кон самите себе .

Друга е приказната што централната власт, дали водена од ваквото наше однесување или од други причини, не ја почитува обврската сите законски предлог-решенија кои се поврзани со локалните надлежности, задолжително и навремено да ги доставува на мислење до ЗЕЛС. Говорам за клучни закони, не за некои одлуки. Таква беше состојбата со Законот за основно образование, во јуни, кога МОН спроведувал некои регионални средби, а ЗЕЛС не е консултиран воопшто. Сега ни се повторува и со Законот за градежно земјиште, како и со разгледувањето на методологијата за блок –дотациите во областа на градинките, кога истата прво отиде во владина процедура а, после беше доставено на разгледување пред Комисијата за следење на системот за финансирање на локалната самоуправа.

Дури имаме и случаи кога централната власт презема и некои можеби полезни чекори за нас, а повторни ние не сме ни консултирани, ниту пак ЗЕЛС е адекватно контактиран. Говорам за зголемувањето од 10% на 30% при планирањето на основниот буџет на општината, од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција. Затоа ЗЕЛС упатува остри забелешки до надлежните институции и до Владата за овој предизвик, но веројатно ќе треба да му посветиме и нему малку поголемо внимание, со утврдување на конкретни механизми за натамошно дејствување.

Сега накратко да ја посочам и третата област: промени во организацијата на локалната власт што оди во насока на утврдување на можностите за напуштање на монотипниот вид на ЕЛС и востановување на политипен вид на ЕЛС, со различни надлежности (изборни и задолжителни) во зависност од големината, економската моќ и изградените потенцијали на општината; потоа преиспитување на правниот статус на урбаните и на месните заедници и нивните надлежности што веќе се дискутира во текот на преговорите во работната група. Во оваа област влегува и иницијативата за избегнување на паралелните надлежности на Град Скопје и општините во него, промени во составот на Советот на општината и слично. За овој дел потребна е поопсежна анализа и дискусија.

Ако овој предлог- концепт се заокружи до завршувањето на нашите мандати, за две години, ќе значи дека се создадени здрави основи за финансиски стабилни единици на локалната власт; дека граѓаните ќе добиваат повеќе услуги непосредно од својата општина и дека се креирани правила за развивање на одговорни локални власти.
Мислам дека доволно говорев. Имаме и други точки на дневен ред, а се разбира потоа следи и отворената дискусија. На крај, иако можеби малку прерано, Ви ја честитам Новата 2020 година. Мислам дека во овој состав нема да се видиме до крајот на декември, затоа следната година на сите нека ни биде, среќна успешна и бериќетна на сите полиња.

Благодарам и Ви посакувам Среќна Нова 2020 година"

**ТРЕТА ТОЧКА**: **Усвојување на План за работа и Буџет на ЗЕЛС за 2020 година;**

Претседателот го покани ИЗвршниот директор на ЗЕЛС, г-ѓа Перишиќ да ги образложи Планот за работа – Акцискиот план на ЗЕЛС за 2020 г. и Финансискиот план – Буџетот на ЗЕЛС за 2020 г., а присутните се повикани со свои прашања да отворат искусија по било кој основ во врска со предложените документи. Извршниот директор информираше дека Планот за работа се состои од активности поврзани со првата стратешка цел (која соодветствува со Стратешкиот план на ЗЕЛС 2015 - 2020) како што се застапување и лобирање, собирање мислења по пристигнати иницијативи, организирање на конференции, тркалезни маси, работилници, советувања, состаноци на комисиите на ЗЕЛС и на формираните работни групи како и форми на соработка со органите на централната власт на кои се презентираат мислењата на општините – членки на ЗЕЛС.

Поврзано со втората стратешка цел, активностите утврдени со планот се насочени кон услугите кои ЗЕЛС ги овозможува за општините, а пред се стручните обуки за општинската администрација, електронските услуги кои сите општини ги користат како што се системите за располагање со државно градежно земјиште, издавање на одобрение за градење, располагање со стварите в општинска сопственост, системот за родово буџетирање, системот за регистар на модератори за форуми во заедниците, а кои се одржуваат и се обновуваат од страна на ЗЕЛС. Општините добиваат информативни услуги, како што е веб страната на ЗЕЛС и гласилото како месечен информатор.

Третата стратешка активности која е опфатена со планот на активности се однесува на обезбедување на стратешко јакнење на капацитетите на ЗЕЛС.

Што се однесува до Буџетот на ЗЕЛС за 2020 година, покрај тековните трошоци, предвидени се и трошоци за реорганизирање на сервисот на поддршка на корисниците на информациските системи кои во голем обем се обраќаат во ЗЕЛС за поддршка а со тоа алоцираат значителни човечки ресурси. Оттука, за наредната година ќе се посветиме кон изработка на концепт за квалитетно опслужување на заинтересираните корисници кои бараат помош од службата на ЗЕЛС.

Буџетот нема големи промени од претходната година, планирано е да се соберат 26 милиони денари, од кои 16 милиони денари се средства кои би се оствариле доколку сите општини ја платат членарината. Досегашната наплата на средствата по основ на членарина е 50%, а со оглед дека за преостанатите 25 дена од остатокот на годината не е веројатно дека ќе се соберат преостанатите 50 проценти, оваа состојба ќе остане непроменета. Останатите приходи се остваруваат од соработка со донаторски организации пред кои ЗЕЛС настапува како извршител на услуга за што остварува соодветен надомест. На крај се изразени приходите од извршени услуги за општините и трети лица.

Во текот на 2019 година се остварени и приходи во висина од околу 25 милиони денари по основ на заостанати членарини а во најголем дел преку програмата на Владата за кредитирање на општинските долгови. Со тоа општините станаа мнозински финансиски финансиер на ЗЕЛС без зависност од други институции и донаторски средства.
Во делот на расходната страна, значителна ставка е одржување на информациските системи, ангажирање на компании за нивно одржуваат и набавка на лифт кој после 10 години мора да се замени со оглед на обврската за општествена одговорност утврдена со прописите. Останатите трошоци се тековни, вклучително и платите, а буџетот не бара дополнителни трошоци во материјална смисла.

Претседателот ја потенцираше наплатата на долгот на општините кон ЗЕЛС кој е во опаѓање, односно дека е констатирана поголема лежерност во редовното подмирување на оваа обврска. Наплатата за 2019 е само 49 проценти, заради што беше упатен апел за редовно плаќање на членарината кон ЗЕЛС.

Членот на Надзорниот одбор, г. Коле Чаракчиев ги извести присутните делегати дека овој орган го усвои Планот за работа на ЗЕЛС за 2020 година и Финансискиот план – буџетот на ЗЕЛС за 2020 г.

Одлуката е донесена едногласно

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание го усвојува Планот за работа (акцискиот план) на ЗЕЛС за 2020 година.

Одлуката е донесена едногласно

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание го усвојува Финансискиот План (Буџет) на ЗЕЛС за 2020 година.

**ЧЕВРТА ТОЧКА**: **Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС;**

Претседателот ги извети делегатите дека со донесувањето на оваа Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС се врши усогласување на највисокиот акт на организацијата со Законот за здруженија и фондации, при што промените се вршат во називот на Заедницата која се усогласува со законските одредби, но се вршат и други дополнителни измени со кои се зголемува ефикасноста на функционирањето на органите и телата на заедницата. Таков е примерот со овозможувањето органите и телата на ЗЕЛС да работат на седници организирани на електронски начин, а се врши и прочистување на одредби кои не се во функција.

Одлуката е донесена едногласно

**<u>ОДЛУКА</u>**: Генералното собрание ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС. Се задолжува стручната служба на ЗЕЛС да изготви пречистен текст на Статутот а промената да ја запише пред надлежен орган во постапка согласно Закон.

**<u>ПЕТТА ТОЧКА</u>**: **Одлука за усогласување на актите на Заедницата со Законот за здруженија и фондации;**

Претседателот ги информираше присутните дека со донесувањето на оваа Одлука се врши усогласување на актите и списите со Законот за здруженија и фондации со што се исполнува условот за запишување на усогласувањето пред надлежен орган во постапка пропишана со Закон.

Одлуката е донесена едногласно

**<u>ОДЛУКА</u>**: Генералното Собрание ја усвои Одлуката за исогласување на аактите и Статутот на ЗЕЛС со Законот за здруженија и финдации.

**<u>ШЕСТ ТОЧКА</u>**: Одлука за кооптирање на член од Полошкиот регион во Комитетот на советите при ЗЕЛС и Управниот Одбор на ЗЕЛС;

Претседателот информираше дека функцијата на досегашниот член на Комитетот на советите при ЗЕЛС престанал со оглед дека овој член како претставник на Полошкиот плански регион веќе не е Претседател на Советот на општина Гостивар. Од таа причина, на негово место беше предложен г. Бесим МЕМЕТИ, Претседател на Советот на општина Гостивар за член во Комитетот на Совети при ЗЕЛС како претставник од Полошкиот плански регион.

Одлуката е донесена едногласно

**<u>ОДЛУКА</u>**: Генералното Собрание донесе Одлука со која констатира дека мандатот на членот на Комитетот на Совети г. Насир Муслиу престанува а за член се избира г. Бесим Мемеди, Полошки регион, Претседател на Совет на општина Гостивар.

**<u>ТОЧКА РАЗНО</u>**

1. Разгледување на можноста за пристапување кон користење на системот “отворени финансии” на Министерството за финансии.

   Беше изнесен ставот дека заради зголемување на транспарентноста и декларативно, сите делегати како чинители и дел како лица кои се дел од политичкиот живот, се залагаме за финансиска транспарентност. Идејата е на оваа седница на Генералното Собрание да биде усвоена препорака до општините во Републиката да го имплементираат и применат овој систем во своето работење.

   Предлогот беше ставен на гласање, а донесената Одлука е усвоена едногласно.

**<u>ОДЛУКА</u>**: Генералното собрание на ЗЕЛС им препорачува на единиците на локалната самоуправа да се вклучат во користењето на софтверскиот систем на отворени финансии со логистичка поддршка обезбедена во соработка помеѓу Извршниот директор на ЗЕЛС и Министерството за финансии.

Седницата на Генералното Собрание на ЗЕЛС е затворена.

**Бр. 0201 – 1033/2,**
**5 декември, 2019 г.**
**Скопје**

**Здружение на општини**
**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Петре ШИЛЕГОВ**